# ПОЛИТИКА ЗА ИНТЕГРИРАН МЕНАЏМЕНТ СИСТЕМ НА АЛКАЛОИД

Политиката за интегриран менаџмент систем на Алкалоид има функционална вредност во рамките на вкупната политика, стратегија, контекстот на организацијата, корпоративната култура и цели на Алкалоид, согласно позитивните прописи и нормативи на националното и меѓународното право, cGxP, и стандардите ISO 9001, ISO 14001, ISO 13485, ISO 45001, ISO 50001, HACCP, FSSC 22000, IFS Food, ISO 22716 и IFS HPC (каде што е применливо).

Глобалните одговорности во областа на интегрираниот менаџмент систем (ИМС) и посветеноста кон исполнување на применливите барања, се темелат на основните принципи на Политиката:

- Почитување на барањата, информациите и задоволството на нашите корисници и вработените, преку адекватна комуникација при развојот, производството, контролата, складирањето, продажби и дистрибуција на квалитетни, ефикасни и безбедни производи и услуги, управувањето и грижата за животната средина, управувањето со енергијата, исполнување на етичките стандарди, принципите за одржливост, како и заложбата за безбедност и здравје при работа преку обезбедување безбедни и здрави услови за работа, со што заштитниот знак на АЛКАЛОИД е симбол за високото ниво на сигурност.

- Поставување на стратегија и цели, како и одржување култура за квалитет, животна средина, безбедност и здравје при работа и управување со енергија со утврдување, обезбедување и преиспитување на потребни ресурси.

- Јасната визија, лидерство и посветеност на врвното раководството на ИМС се покажува во примена на процесниот пристап во работењето, донесување одлуки врз основа на направените анализи за реализација на целите, елиминирање и намалување на опасности при управување со ризиците, обезбедување на континуитет во работењето, партнерски однос со испорачателите, учесниците во ланците на снабдување и дистрибуција, информирање, консултирање и вклучување на вработените и нивните преставници, сè со цел задоволство на корисниците, деловните партнери, вработените и акционерите, како и со подобрување на ИМС на Алкалоид.

- Политиката за ИМС и тежнеењето за постојано подобрување и посветеноста за усогласеност со применливите законски и други барања, овозможува поголема свесност и општествена одговорност на компанијата.

- Постојаната инспирација и стремеж за заштита и сочувување на најскапоцениот подарок на природата – ЗДРАВЈЕТО ПРЕД СÈ.

Скопје, 19.03.2025 година

Генерален директор
Живко Мукаетов

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ